**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**П Р О Г Р А М А**
**НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА АКТИВНОСТИТЕ ВО ОБЛАСТА**
**НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА**

**Сектор за финансиски прашања, даноци и локален економски развој**


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

# П Р О Г Р А М А

За активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година претставува документ кој ги дефинира приоритетите, мерките и активностите насочени кон унапредување на родовата рамноправност и создавање еднакви услови за сите граѓани. Како локална самоуправа Општината има обврска – но и одговорност да обезбеди системски пристап во интегрирањето на начелата на еднаквост во своите политики, програми и услуги.
Во согласност со Законот за еднаквите можности на жените и мажите, како и со националните стратегии и меѓународните стандарди, оваа Програма ги поставува рамките за планирање активности кои ја поддржуваат социјалната инклузија, економското зајакнување, учеството во одлучувањето, заштита од насилство и промоција на човечките права. Програмата има цел да го унапреди институционалниот пристап кон еднаквите можности преку координација со јавните установи, образовните институции, граѓанските организации и локалната заедница. Согласно член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Програмата за активностите во областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Крива Паланка за 2026 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост во политичката, економската, социјалната, образовната, културната и јавната сфера, како и во сите области од општествениот живот. Програмата е изработена во согласност со важечката Стратегија за родова еднаквост 2022-2027, како и со Родово одговорната стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка.

Вклучувањето на родовата перспектива во процесите на креирање политики претставува суштински дел од современото локално управување и услов за ефикасно, правично и инклузивно планирање. Овој пристап овозможува да не се занемари ниту една целна група, а ресурсите со кои располага општината да се распределат на вистински и фер начин, водејќи грижа за различните потреби на жените и мажите, девојчињата и момчињата како и другите ранливи категории на граѓани.

Политиките и програмите за еднакви можности на локално ниво придонесуваат за развивање на заедница во која секој граѓанин може рамноправно да учествува и да придонесе. Тие претставуваат рамка што ја насочува општината кон конкретни активности за подобрување на квалитетот на животот, но и кон создавање услови за поефективно вклучување на жените во општествениот, економскиот и политичкиот живот.
Општина Крива Паланка, преку својот координатор за еднакви можности и преку соработката со Комисијата за еднакви можности, интерсекторската група и другите релевантни чинители, континуирано работи на вградување на родовата перспектива во локалните политики. Во таа насока, оваа програма ја зајакнува институционалната поставеност и претставува основа за понатамошни активности и конкретни иницијативи кои ќе овозможат поголема еднаквост, подобра заштита на правата и создавање услови за вистинска општествена инклузија.

Општина Крива Паланка  програмата ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2026 година за конкретни намени, во соработка со различни здруженија на граѓани, институции и организации, кои работат на полето на родовата еднаквост.

Програмата  ќе се спроведува во текот на 2026 година.


☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Согласно **Родово одговорната стратегија за одржлив развој на општина Крива Паланка (2022-2027),** во континуитет ќе ги насочиме активностите и интензивираме работата во 2026 година за унапредување на состојбата со родовата рамноправност во областа:

- **РОДОВО ОДГОВОРНО ПЛАНИРАЊЕ И БУЏЕТИРАЊЕ**

## I.ЦЕЛИ

Главната цел на Програмата за активностите во областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Крива Паланка за 2026 година е да обезбеди систематско и континуирано унапредување на родовата рамноправност во сите сфери на локалниот општествен живот. Програмата се стреми да создаде средина во која жените и мажите ќе имаат еднаков пристап до ресурси, услуги, одлучување и можности за личен и професионален развој.

- Унапредување на институционалните механизми за еднакви можности на локално ниво
- Зајакнување на учеството на жените во процесите на креирање политики и одлучување
- Намалување на родово заснованите нееднаквости во пристапот на економски, социјални и образовни услуги.
- Подигнување на јавната свест за важноста на родовата еднаквост, недискриминацијата и заштитата од насилство
- Поддршка на ранливи групи на жени и обезбедување на социјална инклузија
- Применување родово одговорни политики и буџетирање во сите програми на локалната самоуправа.

## II. ПРИОРИТЕТИ

За реализација на поставените цели програмата дефинира пет клучни приоритети:

**Приоритет 1: Зајакнување на институционалните капацитети за еднакви можности**

- Поддршка на работата на координаторот за еднакви можности
- Меѓусекторска координација и соработка со јавните установи, образовните институции и НВО.

**Приоритет 2: Родово одговорно крирање политики и буџетирање**

- Интегрирање на родовата перспектива во програмите и плановите на општината.
- Анализа на потребите на жените и мажите при планирање услуги, проекти и ресурси.

**Приоритет 3: Економско и социјално зајакнување на жените**

- Поддршка на женското претприемништво и пристап до пазарот на труд.
- Создавање услови за подобар баланс меѓу професионалниот и приватниот живот.

**Приоритет 4: Превенција и заштита од родово базирано насилство и дискриминација**

- Соработка со институции и организации за поддршка на жртви.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

- Едукации, јавни кампањи и активности за подигнување на свеста.

**Приоритет 5: Управување со отпад со вклучена родова перспектива**

Општина Крива Паланка е избрана да добие целосна експертска и финансиска поддршка во рамките на проектот на НАЛАС “ Вклучување на родовата перспектива во испораката на локални услуги низ земјите од Југоисточна Европа преку НАЛАС“ за изработка на студија на случај и алатки за учење како и избор на најдобри пракси во оваа област.

Мерка за реализација во рамки на проектот: ***Намалување на загадувањето во водите на р. Крива Река со поставување на мрежи за собирање на цврст отпад по течението на реката*** со дефинирани цели:

- Намалување на количината на цврст отпад што завршува во коритото на Крива река
- Подобрување на квалитетот на водата и заштита на биодиверзитетот, како и уредноста и изгледот на реката
- Зголемен степен на соработка на општината со ЈКП за воведување на локални услуги согласни различните потреби на жените и мажите
- Зголемување на јавната свест и заедничката одговорност на мажите и жените и сите релевантни чинители за чиста животна средина и чиста вода која се користи најмногу од жените
- Поттикнување на рамноправна вклученост на жените и мажите во процесите на донесување на одлуки
- Воспоставување на мултисекториски соработки на локално ниво за спроведување на локалните еко-иницијативи

## III. ОСНОВНИ ЗАДАЧИ

**1. Институционална поддршка и координација**

- Редовно функционирање на механизмите за еднакви можности (КЕМ, интерсекторска група, координатор)
- Учество на општината во национални и регионални иницијативи како и иницијативи и проекти од НВО.

**2. Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики**

- подготовка на анализи и процени на состојбите
- родова анализа на програмите и услугите на општината

**3. Едукација и подигнување на јавната свест**

- спроведување на обуки, работилници и кампања за родова еднаквост
- вклучување на младите, училиштата и локалните институции

**4. Поддршка на ранливи групи и родово сензитивни услуги**

- активности насочени кон жени од руралните средини, самохрани родители, жртви на семејно насилство и др.
- Подобрување на пристапот до информации и услуги


☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**5. Поддршка за економско осамостојување на жените**

• поттикнување локални иницијативи, обуки, програми за претприемништво и финансиска писменост

## IV. МЕТОДИ НА РАБОТА

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

- **Работни средби** –Организирани за координација помеѓу КЕМ, Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање , Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;
- **Дискусионо обучувачки методи** – ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти.
- **Истражувачко аналитички методи-** ќе се користат при и по анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);
- **Информативно промотивни –** овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;
- **Правни** – ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности согласно законските надлежности на општината.
- **Финансиско сметководствени методи** – ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, средства од проекти и донации.

## VI. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка, активностите во соработка со граѓанскиот сектор ќе ги помага и со:

- Покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање, форуми, трибини, дебати, кампањи и сл. на теми што се од јавен интерес;

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

унапредување на еднаквите можности во соработка и со граѓанските организации , кои се еден од главните партнери во реализацијата на активностите на Општината.

## VII. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крива Паланка и Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за социјална политика, демографија и млади од страна на координаторката за еднакви можности на жените и мажите ќе биде доставен годишен извештај за имплементација на активностите,нивната реализацијата како и напредокот на општината во имплементација на родово одговорното буџетирање, со тоа во делот на евалуацијата се вклучува и Секторот за еднакви можности при Министерството Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 г.
Програмата е родово сензитивна и вкупниот буџет на програмата од **170.000,00** денари.

**Изготвил:**
**Координаторка за еднакви можности мажите и жените**
**Гордана Ристовска**

**Број 09-6407/87**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски**


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите на Општина Крива Паланка за 2026 година

| Буџетска програма: **РОДОВА ЕДНАКВОСТ Џ10** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.** | **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: РОДОВО ОДГОВОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ПОЛИТИКИ** | | | | | |
| | **Задача /Проект** | | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.1. Интегрирање на родовата перспектива како составен дел од процесот на креирање политики и стратешко планирање на општина Крива Паланка .** | | 1.1.1. Анализа на родова еднаквост во општинските плански и развојни документи | Континуирано во 2026 | Усвоени родово одговорни политики,<br>Вклучени родови индикатори,<br>Годишен извештај за родова анализа | Општина Крива Паланка,<br>Координатор,<br>КЕМ | Без буџетски импликации |
| | | | 1.1.2. Обезбедување на податоци раздвоени по пол од сите сектори | Континуирано | Достапни родово-разделени податоци | Општина Крива Паланка, | Без буџетски импликации |
| | | | 1.1.3. Изготвување на родова анализа за буџетските програми | Јануари – октомври 2026 | Подготвена анализа<br><br>Препораки интегрирани во буџетот | Координатор,<br>КЕМ<br>Општина Крива Паланка | Без буџетски импликации |
| | | | 1.1.4. Обука за родово одговорно буџетирање | Прва половина на 2026 година | Обучени 20 административни работници и 15 советници | Општина Крива Паланка<br>Партнерска поддршка на UN Women, тренери | Донаторски средства |
| | **2.** | **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: Зајакнување на институционални капацитети;** | | | | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2.1. Подобрување на институционална координација и работата на механизмите за еднакви можности | 2.1.1. Редовни состаноци на КЕМ (најмалку 4 годишно) | Континуирано во 2026 | • 4 одржани состаноци<br>• Записници и препораки | КЕМ | Без буџетски импликации |
| | | 2.1.2.Интерсекторска координација | Континуирано во 2026 | • 3 Интерсекторски состаноци | КЕМ, Координатор за ЕМ Интерсекторска група | Без буџетски импликации |
| | | 2.1.3. Годишен извештај | Февруари 2027 | Доставен Извештај до МТСП | Координатор за ЕМ , Општина Крива Паланка | Без буџетски импликации |
| | **3.** | **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: ЕКОНОМСКО И СОЦИЈАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | 3.1. Поттикнување еднаков пристап до економски ресурси и можности | 3.1.1. Работилници за женско претприемништво и финансиска писменост | **Цела 2026** | • **2 реализирани работилници** за јакнење на претприемничките и финансиските вештини кај жените.<br>• **45 обучени жени** кои стекнале знаења и алатки за развој на сопствен бизнис и подобро управување со личните финансии.<br>• **45 жени** кои стекнале нови претприемнички и финансиски вештини што придонесува кон нивно економско зајакнување. | Општина Крива Паланка<br><br>НВО | 50.000,00 ден. |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ● Процент на новоотворени бизниси од 45 обучени жени – цел: 15% ( 7 нови бизниси). | | |
| | | 3.1.2. Промоција на успешни жени претприемачки | **Цела 2026** | • 6 профили/ прилози објавени | Општина Крива Паланка Координатор НВО | 30.000,00 ден. |
| | | 3.1.3. Поддршка на жени од рурални средини – обуки за „продажба од врата“ | **Прва половина на 2026** | • 10 обучени жени за продажба на сопствени производи од праг. <br> • 10 жени вклучени во активности | Општина Крива Паланка Координатор НВО | 30.000,00 ден. |
| | | 3.1.4. Промовирање на ментално здравје, психолошка стабилност и социјално зајакнување кај жените и мажите - Организација на настан за јога | **Јуни 2026** | - Организирање групна активност за промоција на менталното здравје и благосостојба преку техники за релаксација и телесна свесност (јога час) со вклучување на 30 учесници <br> - Број на учесници (најмалку 30% мажи) <br> -Подигната свесност на 30 лица за важноста на психофизичкиот баланс | Општина Крива Паланка Координатор НВО | 10.000,00 ден. |
| | **4.** | **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | 4.1.Зголемување на свеста и подобрување на услугите за жртви на насилство | 4.1.1. Кампања за спречување родово базирано насилство – 16 дена активизам | **Ноември- Декември** | • **Реализирана кампања** <br> • Зголемена информираност кај граѓаните за препознавање и спречување родово базирано насилство- кампањата да достигне 1000 лица. | Општина Крива Паланка НВО | 10.000,00 ден. |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4.1.2. Работилници во училиштата | **Во тек на 2026** | • **Реализирани 2 работилници**<br>• Кај 100 ученици (40 машки, 60 женски) зголемено знаење за 20% за родово насилство и начини на заштита | Општина Крива Паланка<br>Координатор НВО | 30.000,00 ден. |
| | **5.** | **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД СО ВКЛУЧЕНА РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | 5.1. Проект „Вклучување на родовата перспектива во испораката на локални услуги низ земјите од Југоисточна Европа преку НАЛАС"<br>- **Намалување на загадувањето во водите на р. Крива Река со поставување на мрежи за собирање на цврст отпад по течението на реката** | 5.1.1 Мапирање на критични точки за поставување на решетките на соодветни локации<br>5.1.2 Консултација со локалното население со фокус на вклученоста на жените, девојчињата и ранливите групи во процесот преку форуми, анкети, јавни дебати и директна комуникација)<br>5.1.3 Мапирање на најголемите загадувачи и нивна вклученост во целиот процес на спроведување на мерката<br>5.1.4 Дефинирање на видовите на мрежи за собирање на цврст отпад и на видот на отпад<br>5.1.5 Технички поставување на мрежите на соодветни локации<br>5.1.6 Формирање на мултисекторски и мултиинституционален тим за редовна | **Прва половина на 2026** | • Број на мапирани критични точки со процена на ризик по пол и возраст; % критични точки идентификувани од локални жители (жени/мажи); Број идентификувани локации што претставуваат ризик за жени, деца и ранливи групи (на пр. неосветлени, тешко достапни).<br>• Обезбедување на број и % на жени, девојчиња и други ранливи групи вклучени во консултации; % застапеност на различни категории (жени, мажи, млади, лица со попреченост, постари лица); Број препораки дадени од жени и ранливи групи што се интегрирани во мерките.<br>• Степен на задоволство на жени/мажи од поставените мрежи (анкети).<br>• Број членови од ранливи групи вклучени во тимот (младинци, лица со попреченост, Роми, самохрани родители); % родов баланс во тимот (жени/мажи); Број одлуки на тимот во кои е разгледан родовиот аспект.<br>• Користење на родово чувствителна комуникација во кампањата (јазик, слики, примери); % зголемување на знаење за еко- | Општина Крива Паланка<br>Координатор за ЕМ<br>ЈП Комуналец<br>НАЛАС и ЗЕЛС | ***480.000,00 ден.***<br>Донаторски средства |


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | координација,чистење, одржување и следење на состојбата (во соработка со ЈП Комуналец)<br>5.1.7 Организирање на информативна и едукативна кампања за одговорно одлагање на отпад и заштита на реката во градинки, училишта<br>5.1.8 Вклучување на медиумите за зголемување на јавната свест за потребата од чиста вода и чиста животна средина.<br>5.1.9 Дефинирање на следни чекори за унапредување на мерката во функција на циркуларна економија и намалување на невработеноста на ранливите групи (*пр.Субвенцинирање на самовработување на Ромка за искористување на собраниот отпад и рециклирање;Финансирање на обука за циркуларна економија за самохрана мајка*) | | однесување кај девојчиња/момчиња (анкета пред/по); Број на материјали за кампања што содржат родово чувствителни пораки.<br>• Анализа на влијанието на мерката врз секојдневниот живот на жените и мажите во заедницата (безбедност, чистота, здравје)(*Анализа на влијанието на мерката ќе покаже како поставувањето на мрежите ја олеснува работата на комуналните служби, а истовремено ќе го земе предвид и влијанието врз ромската популација која најчесто собира пластичен отпад , со цел нивно потенцијално вклучување во активности на селекција и одржливо управување со отпад*).<br>• Придонес кон родово еднакви можности во зелени и јавни иницијативи на локално ниво.<br>• Број предложени мерки што директно придонесуваат за вработување на жени од ранливи групи. | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **170.000 ден.** |

Бр. _______________
___. __ 2025 г.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
**Миле Трајковски**



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка